**До**
ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Тужител: AB Electrolux,
St Goransgatan 143 SE 105 45
Stocholm, Шведска;

Преку:
Адвокат Ж.К.С., Р. 20, 1000 Скопје, Македонија

Тужен: Друштво за производство на апарати за домаќинство и професионална опрема, нергосувачки челик, индустриски четки, палензо, гумени производи, електрични греачи, правосмукалки, ировот, дизајн лаб, трговија на големо и мало, услуги, спорт, академија и кооперација увоз-извоз
ЕЛЕКТРОЛУКС ДООЕЛ Битола
Ул. Цар Самоил 36, Битола, Македонија

Основ: Повреда на право од индустриска сопственост

Вредност: 40.000,00 денари

## Т У Ж Б А со предлог за издавање привремена мерка

Тужителот, AB Electrolux е глобален лидер во производство на апарати за домаќинство и апарати за професионална употреба. Присутен е на пазарот уште од 1919 година и продава повеќе од 40 милиони производи на потрошувачите во повеќе од 150 земји. Компанијата се фокусира на иновации кои се интелегентно дизајнирани врз база на екстензивни истражувања, а со цел да се задоволат вистинските потреби на потрошувачите.

Тужителот е носител на бројни национални и меѓународни трговски марки, меѓу кои и (во понатаможниот текст ELECTROLUX марките ZANUSSI марките):

• ELECTROLUX(во збор) со регистарски број 03982 и приоритет од 18.09.1957 година, регистрирана за производи од класата 03, 07, 09, 11 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги;

- ELECTROLUX (во збор) со регистарски број 03983 и приоритет од 20.09.1928 година, регистрирана за производите од класите 01, 03, 04, 06, 07, 08, 09, 10, 11, 12, 14, 17, 18, 20, 21 и 24 од Меѓународната класификација на производи и услуги;

- ZANUSSI (во збор) со број на пријава ТМ-2013/556, за производи и услуги од класата 28 од Меѓународната класификација на производи и услуги.

- ZANUSSI (во збор) 1К 404462 - регистрирана на 09.11.1973 година, за производи и услуги од класите 06, 07, 09, 11, 14, 17, 20, 21 и 40 од Меѓународната класификација на производи и услуги.

- ZANUSSI (во изглед) 1Р 474019 - регистрирана на 27.08.1982 година, за производи и услуги од класите 06, 08, 09, 11, 14, 17, 20, 21, 40 и 42 од Меѓународната класификација на производи и услуги.

- ZANUSSI PROFESSIONAL (во изглед) IR 950678 - регистрирана на 03.09.2007 година, за производи и услуги од класите 07, 11 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги.

ДОКАЗ: Изводи од Државниот завод за индустриска сопственост x 6;

Согласно член 206 став 1 од Законот за индустриска сопственост (Службен Весник на РМ бр. 21/2009, 24/2011, 12/2014, 41/2014) носителот на трговската марка има **исклучуво право** да ја користи марката во прометот за означување на своите производи, односно услуги. Согласно став 3, точка 2 од истиот став, носителот на трговската марка има право да **забрани** користење во прометот на знак кој е идентичен или сличен со трговската марка за идентични или слични производи или услуги, доколку таквата сличност може да создаде забуна кај просечниот потрошувач, вклучително и можноста од асоцијација меѓу знакот и трговската марка. Додека во став 4 од истиот член е утврдено дека забраната опфаќа и: ставање на знакот на производите или нивните пакувања; давање услуги или пуштање во промет производи обележани со тој знак или складирање на производи со таква намера; увоз или извоз на производи под тој знак и користење на знакот при кореспонденција, огласување и рекламирање.

Тужениот, "Друштво за производство на апарати за домаќинство и професионална опрема, нерѓосувачки челик, индустриски четки, палензо, гумени производи, електрични греачи, правосмукалки, иробот, дизајн лаб, трговија на големо и мало, услуги, спорт, академија и кооперација увоз-извоз ЕЛЕКТРОЛУКС ДООЕЛ Битола" (во понатамошниот текст: ЕЛЕКТРОЛУКС ДООЕЛ Битола), е регистрант на следниве домен имиња:

- www.elektroluks.com.mk
- www.electrolux.com.mk
- www.electroluxappliances.com.mk
- www.electroluxprofessional.com.mk
- www.elektroluksmakedonija.com.mk
- www.akademijaelectrolux.com.mk
- www.electroluxheatingelements.com.mk
- www.electroluxservice.com.mk

- www.Elektroluks.mk
- www.Electrolux.mk
- www.Electroluxpalenzo.mk
- www.Electroluxdesignlab.mk

**ДОКАЗ:** Извадоци од интернет страната на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРНЕТ);
На горенаведените интернет страни тужениот неовластено ги користи трговските марки " Electrolux " и " ZANUSSI" кои се сопственост на тужителот.

## ДОКАЗ:

- Записник за утврдување факти ОДУ бр. 1665/2014 од 26.11.2014 година;
- Записник за утврдување факти ОДУ бр. 576/2014 од 05.05.2014 година;
- Дополнително - Записник за утврдување факти од моментната ситуација;

Користењето на знак кој е идентичен како трговските марки на тужителот, без притоа да се добие дозвола или согласност, односно без склучен договор за лиценца со кој ќе се отстапи правото на користење на трговската марка, претставува повреда на Electrolux и ZANUSSI марките, регистрирани од страна на тужителот.
Ваквото неовластено користење на трговските марки на тужителот не претставува случајност и не е сторено од незнаење, туку напротив тужениот постапува спротивно на добрите деловни обичаи и свесно оди кон тоа да се претставува во прометот како тужителот или како да е на некој начин овластен од тужителот да биде негов претставник во Македонија. Како поткрепа на тврдењето дека тужениот постапува несовесно и спротивно на добрите деловни обичаи говори и фактот што на некои од неговите интернет страни (на пример: www.electrolux.mk ) неовластеното користење ескалирало до тој степен што дури се нудат на продажба производите на тужителот, со опција за купување на истите директно од интернет страната. Ваквото претставување, се разбира, е неточно бидејќи тужениот не е овластен за дистрибуција, сервисирање или продажба на производи означени со трговската марка  Electrolux .
Уште еден доказ кој оди во прилог на тврдењето дека тужениот постапува несовесно и со основна цел да изнуди некаква финансиска корист од тужителот е фактот што на неколку негови интернет страни (на пример на: www.electroluxprofessional.com.mk ), тужениот прикажува интерактивна апликација на која се гледа изложбениот салон на тужителот. Во овој виртуелен продажен салон се прикажани повеќе производи од асортиманот на нашиот клиент, помеѓу кои и производи означени со марките Electrolux и http://www.zanissi.com .
Неовластеното поставување на ваквата интерактивна апликација, не само што е доказ повеќе со кој се потврдува дека единствена цел на тужениот е да добие некоја финансиска корист преку неовластено поврзување односно асоцијација со тужителот, туку ваквото дејствие претставува и повреда на авторско право на авторот на апликацијата. Имено, согласно член 26, став 2 од Законот за авторското право и сродните права "авторот има исклучиво право да дозволи или забрани користење на неговото дело, или негови примероци..."

ДОКАЗ: ЦД на кое е зачувана интерактивната апликација;

Од доказите презентирани погоре и фактичката состојба изведена од истите, јасно се доаѓа до заклучок дека тужениот со користењето на знак идентичен со трговските марки Electrolux и ZANUSSI кои се уредно регистрирани од страна на тужителот, сторил повреда на неговите права. Тужениот е фирма регистрирана во Македонија, која нуди сервисни услуги за апарати за домаќинство. Видно од интернет страните наведени погоре, несомнено е дека тужениот знае кој е тужителот и угледот кој светски познатата фирма го ужива помеѓу потрошувачите низ целиот цвет, па оттаму и намерата со неовластена употреба на знак идентичен како Electrolux марките, да го искористи неговиот углед и реноме за сопствена промоција.
Фактот што тужениот има фирма со назив "Друштво за производство на апарати за домаќинство и професионална опрема, нерѓосувачки челик, индустриски четки, палензо, гумени производи, електрични греачи, правосмукалки, иробот, дизајн лаб, трговија на големо и мало, услуги, спорт, академија и кооперација Македонија увоз-извоз ЕЛЕКТРОЛУКС ДООЕЛ Битола" не му дава право да го користи името Electrolux напишано на латиница. Согалсно член 44, став 1 од Законот за трговските друштва, *"Фирмата на трговското друштво е името под коешто друштвото работи и под коешто учествува во правниот промет.".* Согласно член 50, став 2 од истиот закон, фирмата на трговското друштво гласи на македонски јазик, со кирилско писмо. Согласно член 52 од Законот за трговските друштва, трговското друштво мора да ја употребува фирмата онака како што е запишана во трговскиот регистар. Исто така, согласно член 5 од Законот за употреба на македоснкиот јазик, *"Македонскиот јазик,   покрај употребата  во органите на државната власт, во органите на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, се употребува и во трговските друштва, претпријатијата, установите и другите правни лица регистрирани во Република Македонија; називите, рекламите и плакатите на правните лица...".* Согласно претходно наведените одредби од нашето законодавство, тужениот има обврска во своето работење да ја употребува фирмата онака како што е запишана во трговскиот регитар, односно испишана на мекедонски јазик и кирилско писмо, што би значело дека тужениот има обврска во своето работење да го користи следниов назив:
"Друштво за производство на апарати за домаќинство и професионална опрема, нергосувачки челик, индустриски четки, палензо, гумени производи, електрични греачи, правосмукалки, иробот, дизајн лаб, трговија на големо и мало, услуги, спорт, академија и кооперација Македонија увоз-извоз ЕЛЕКТРОЛУКС ДООЕЛ Битола", или скратениот назив на фирмата којшто е запишан во трговскиот регистар: "ЕЛЕКТРОЛУКС ДООЕЛ Битола".

Согласно член 46, став 3 од Законот за трговските друштва, фирмата може да се употребува како трговска марка, на начин и под услови определени со закон. Начинот на регистрирање и користење на трговска марка се регулира со Законот за индустриска сопственост. Согласно овој закон, Државниот завод за индустриска сопственост е надлежен да ја спроведува постапката за регистрација на трговска марка. Господинот Димче Палензо Electrolux, сопруг на Силвана Палензовска  Electrolux- основач и управител на Електролукс ДООЕЛ Битола, на повеќе наврати преку субјектот СЗД Електролукс Палензовски Димче - Битола пробал да регистрира повеќе трговски марки за знакот "Electrolux" **или** негови варијации, но до ден денес,

Државниот завод за индустриска сопственост ниту една негова пријава за трговска марка не регистрирал, односно одлучил дека ниту една негова пријава за трговска марка не ги исполнувала условите за регистрација предвидени со истиот закон. Во постапката за регистрација на тие пријави за трговски марки, по поднесен приговор од тужителот поради постоење на сличност со неговите веќе регистрирани трговски марки, ДЗИС има донесено повеќе Решенија за одбивање на пријавате за трговски марки.
ДОКАЗ:
> Решение бр. 10-281/7-2011 TM/2009/1207 од 30.04.2014
> Решение бр. 10-280/7-2011 TM/2009/1211 од 30.04.2014
> Решение бр. 10-284/7-2011 TM/2009/1200 од 30.04.2014
> Решение бр. 10-282/7-2011 TM/2009/1205 од 30.04.2014
> Решение бр. 10-870/7-2011 TM/2010/339 од 30.04.2014;
> Решение бр. 10-869/7-2011 TM/2010/418 од 30.04.2014;
> Решение бр. 10-2406/4-2011 TM/2010/451 од 30.04.2014;
> Решение бр. 10-283/7-2011 TM/2009/1199 од 30.04.2014;
Согалсно член 25, став 1 од Правилникот за организацијата и управувањето со врвниот македонски .МК домен и врвниот македонски МКД домен (Службен Весник бр....), "Регистрантот е одговорен за секоја регистрација на домен која не е во согласност со целта на доменот и е во спротивност со одредбитв од овој Правилник", додека став 2 од истиот член предвидува дека: "регистрантот сноси одговорност за евентуална повреда на интелектуалната сопственост (авторско право, индустриска сопственост и друга заштита согласно прописите кои ја регулираат оваа материја), како и за секоја штета настаната како резултат на таква повреда, а која произлегува од покренување постапка за регистрација на домен или употреба на домен". Од наведените одредби произлегува дека регистрантот на спорните домени:
"Друштво за производство на апарати за домаќинство и професионална опрема, нергосувачки челик, индустриски четки, палензо, гумени производи, електрични греачи, правосмукалки, иробот, дизајн лаб, трговија на големо и мало, услуги, спорт, академија и кооперација Македонија увоз-извоз ЕЛЕКТРОЛУКС ДООЕЛ Битола", е одговорен за секаква повреда на правата од интелектуална сопственост причинета со регистрација или употреба на домените. Согласно член 31, од Правилникот "Регистрацијата на домен може да биде поништена, доменот деактивиран и избришан од Регистарот во случај регистрантот на доменот да го злоупотребува доменот на начин што со употреба односно неупотреба, ги повредува интелектуалната сопственост, авторските права и трговските марки според позитивните прописи".

Специфичноста на сторената повреда од страна на тужениот се состои во тоа што повредата е сторена на Интернет. Наведените интернет страни на кои неовластено се користи трговската марка на тужителот се еднакво достапни на лица од целиот свет. Доколку се погледнат неговите интернет страна на кои е поставен бројач на посетители и нивно лоцирање, се гледа дека најголемиот број на посетители доаѓа надвор од Македонија. Ова значи дека доколку некое лице, било од Македонија или надвор, пребарува на Интернет продавачи, дистрибутери или овластени сервисери на производите Electrolux, голема е веројатноста како резултат да ги дибие веб страните на тужениот. Ова е особено веројатно ако при таквото пребарување како критериум се внесе и територијата на Македонија или соседните земји. Имајќи предвид дека на спорните интернет страни се користи знак идентичен како трговските марки на тужителот на начин кој недвосмислено укажува некаква поврзаност или асоцијација со тужителот и неговите трговски марки, несомнено произлегува дека просечните потрошувачи би биле доведени до заблуда во поглед на потеклото и

квалитетот на производите или услугите кои се понудени на неведените интернет страни.
Како поткрепа на нашето тврдење дека користењето на знак идентичен или сличен со трговските марки на тужителот претставува повреда на правата од индустриска сопственост на тужителот, потврдуваат и вештачењата изготвени од овластени лица.

**ДОКАЗ:**

Наод и мислење бр. 008/2014 изготвено од м-р М. Г.;
Вештачење бр. 47-03/2012 година изготвено од страна на М. агенција за експертизи, инжинеринг и други услуги ДООЕЛ;

Во вештачењето бр. 47-03/2012 на страна 6 е констатирано дека знаците на тужениот се во голема мера слични а во одредени случаи и потполно идентични со оние на тужителот. Додека на страна 7 е утврдено дека јасно се гледа дека пријавите на трговски марки на тужителот се поднесени спротивно на добрите деловни обичаи, сакајќи без правна основа да се профитира од реномето и угледот на тужителот. Во времето кога е изготвено горенаведеното вештачење СЗД Електролукс - Палензо Димче Electrolux  Битола, беше регистрант на следните домени;

1. www.elektroluks.com.mk ,
2. www.electroluxservice.com.mk ,
3. www.elektroluksservis.com.mk ,
4. www.serviselektroluks.com.mk ,
5. www.electroluxfoodservice.com.mk ,
6. www.elektroluksmakedonija.com.mk ,
7. www.electroluxprofessional.com.mk ,
8. www.electroluxmacedonia.com.mk ,
9. www.oodserviceelectrolux.com.mk ,
10. www.electroluxheatingelements.com.mk ,
11. www.schoolelectrolux.com.mk ,
12. www.akademijaelectrolux.com.mk ,
13. www.elektroluks.mk ,
14. www.electrolux.mk ,
15. www.electroluxvacuumcleaners.com.mk ,
16. www.electroluxsmokecabins.com.mk ,
17. www.elektrolux.mk ,
18. www.electroluxdesignlab.com.mk ,
19. www.electroluxpalenzo.mk ,
20. www.electrolux.com.mk ..

Инаку субјектот СЗД Електролукс  Д.П.е основан како занаетчија од 1985 год. од страна на господинот Димче Палензо Elektroluks, кој е сопруг на Силвана Палензовска Електролукс, основач и управител на Електролукс ДООЕЛ Битола.
Дел од овие домени се сега префрлени на овде тужениот.
Во заклучокот од горенаведеното вештачење, на страна 10 се наведува дека очигледна е намерата на регистрантот на домен имињата да предизвика забуна кај потрошувачите и притоа да оствари комерцијална и финансиска корист, како акт на нелојална конкуренција.

Во вештачењето бр. 008/2014, изготвено во декември 2014 година, на страна 6 утврдува дека "...регистрантите спротивно на одредбите на ЗТД, на веб страниците чии сопственици се, зборот ЕЛЕКТРОЛУКС го употребуваат на англиски јазик и со латинично писмо". Во мислењето дадено на крајот од вештачењето (страна 10) е наведенот дека: "Со неовластена употреба на заштитените трговски марки сопственост на Aktiegbolaget Electrolux од страна на регистрантите на домените од точка 2, се повредуваат правата од индустриска сопственост на Aktiegbolaget Electrolux."

Согласно член 291, став 2 од Законот за индустриска сопственост, како повреда на пријавените или признаените права од индустриска сопственост се смета секое неовластено користење, располагање, ограничување, имитирање, асоцијација, вознемирување на правата или слчино што е спротивно на одредбите на овој закон. Тужениот неовластено користи знак кој е идентичен со трговските марки Electrolux и Zanussi. Имајќи ги предвид позитивните законски прописи и погоре утврдената фактичка состојба, се доаѓа до заклучок дека тужениот нема право да ги користи трговските марки Electrolux и Zanussi, регистрирани од страна на тужителот. Ваквото користење на знак кој е идентичен со трговската марка на тужителот, и се користи за идентични или слични производи или услуги, несомнено ги доведува до заблуда просечните потрошувачи и укажува на некаква поврзаност на тужениот со носителот на правбто на трговските марки. Истото дејствие претставува груба повреда на правата на тужителот во смисла на член 206, став 1 од Законот за индустриска сопственост.
Поради горенаведеното, му предлагаме на насловниот суд по одржување на расправа и изведување на доказите да ја донесе следната:

## ПРЕСУДА

**СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање на тужителот во целост.

**СЕ УТВРДУВА** дека тужениот го повредил правото на трговска марка на тужителот, за трговските марки: ELECTROLUX (во збор) со регистарски број 03982, регистрирана за производи од класата 03, 07, 09, 11 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги; и Electrolux (во збор) со регистарски број 03983, регистрирана за производите од класите 01, 03, 04, 06, 07, 08, 09, 10, 11, 12, 14, 17, 18, 20, 21 и 24 од Меѓународната класификација на производи и услуги;

**СЕ УТВРУВА** дека тужениот го повредил правото на трговска марка на тужителот, за трговската марка ZANUSSI (во збор) со број на пријава ТМ-2013/556, за производи и услуги од класата 28 од Меѓународната класификација на производи и услуги.

**СЕ ЗАБРАНУВА** тужениот да ги користи трговските марки на тужителот, и тоа: Electrolux (во збор) со регистарски број 03982, регистрирана за производи од класата 03, 07, 09, 11 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги; Electrolux (во збор) со регистарски број 03983, регистрирана за производите од класите 01, 03, 04, 06, 07, 08, 09, 10, 11, 12, 14, 17, 18, 20, 21 и 24 од Меѓународната класификација на производи и услуги; ZANUSSI (во збор) со број на пријава ТМ-2013/556, за производи и услуги од класа 28 од Меѓународната класификација на производи и услуги.
**СЕ НАЛОЖУВА** на Македонската Академска Истражувачка Мрежа (МАРнет), да ги поништи регистрациите на домените:

1. www.elektroluks.com.mk ,
2. www.electrolux.com.mk ,
3. www.electroluxpalenzo.mk ,
4. www.electroluxappliances.com.mk ,
5. www.electroluxprofessional.com.mk ,
6. www.elektroluksmakedonija.com.mk ,
7. www.electrolux.mk ,
8. www.elektroluks.mk ,
9. www.electroluxservice.com.mk ,
10. www.electroluxheatingelements.com.mk ,
11. www.akademijaelectrolux.com.mk ,
12. www.electroluxdesignlab.mk ;

да ги деактивира истите и да ги избрише од Регистарот од МАРнет.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот да му ги надомести трошоците во оваа постапка на тужителот, по приложен трошковник.

ПРИЛОГ:
- Изводи од Државниот завод за индустриска сопственост x 6;

*Извадоци од интернет страната на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРНЕТ);*
*Записник за утврдување факти ОДУ бр. 1665/2014 од 26.11.2014 година;*
*Записник за утврдување факти ОДУ бр. 576/2014 од 05.05.2014 година;*
***Дополнително - Записник за утврдување факти од моментната ситуација;***
*ЦД на кое е зачувана интерактивната апликација;*
*Решение бр. 10-281/7-2011 TM/2009/1207 од 30.04.2014;)*
*Решение бр. 10-280/7-2011 TM/2009/1211 од 30.04.2014 ).*
*Решение бр. 10-284/7-2011 TM/2009/1200 од 30.04.2014;).*
*Решение бр. 10-282/7-2011 TM/2009/1205 од 30.04.2014;).*
*Решение бр. 10-870/7-2011 TM/2010/339 од 30.04.2014 ).*
*Решение бр. 10-869/7-2011 TM/2010/418 од 30.04.2014;).*
*Решение бр. 10-2406/4-2011 TM/2010/451 од 30.04.2014;)*
*Решение бр 10-283/7-2011 TM/2009/1199 од 30.04.2014;)*
*Наод и мислење бр. 008/2014 изготвено од м-р М. Г.;*
*Вештачење бр. 47-03/2012 година изготвено од страна на М. агенција за експертизи, инжинеринг и други услуги ДООЕЛ;*
*Тековна состојба за тужениот;*
*Тековна состојба за тужителот - превод;*
*Полномошно - превод;*
*Уплатница за платена такса;*

## ПОСЕБЕН ПРЕДЛОГ

ПРЕДЛОГ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА согласно член 313, став 4 од Законот за индустриска сопственост

Тужителот е светски реномирана компанија и глобален лидер во производство на апарати за домаќинство и апарати за професионална употреба. Тужителот е носител на повеќе трговски марки за знакот Electrolux, помеѓу кои и: zanissi (во збор) со регистарски број 03982 и приоритет од 18.09.1957 година, регистрирана за производи од класата 03, 07, 09, 11 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги; Electrolux (во збор) со регистарски број 03983 и приоритет од 20.09.1928 година, регистрирана за производите од класите 01, 03, 04, 06, 07, 08, 09, 10, 11, 12, 14, 17, 18, 20, 21 и 24 од Меѓународната класификација на производи и услуги; и  Zanussi (во збор) со број на пријава TM-2013/556, за производи и услуги од класата 28 од Меѓународната класификација на производи и услуги;

Од доказите наведени во тужбата, а посебно од записниците за утврдување на факти, неоспорно произлегува дека тужениот неовластено користејќи го знакот Electrolux и Zanussi, на начин на кој е утврден во записниците, сторил повреда на правото на трговска марка на тужителот, во смисла на член 291 став 2 од Законот за индустриска сопственост.

Специфичноста на сторената повреда од страна на тужениот се состои во тоа што повредата е сторена на Интернет. Наведените интернет страни на кои неовластено се користи трговската марка на тужителот се еднакво достапни на лица од целиот свет. Доколку се погледнат неговите интернет страни на кои е поставен бројач на посетители и нивно лоцирање, се гледа дека најголемиот број на посетители доаѓа надвор од Македонија.

Ова значи дека доколку некое лице, било од Македонија или надвор, пребарува на Интернет продавачи, дистрибутери или овластени сервисери на производите Electrolux или ZANUSSI, голема е веројатноста како резултат да ги дибие веб страните на тужениот. Ова е особено веројатно ако при таквото пребарување како критериум се внесе и територијата на Македонија или соседните земји. На тој начин просечните потрошувачи би биле доведени до заблуда во поглед на потеклото и квалитетот на производите или услугите кои се понудени на неведените интернет страни. Со ваквите дејствија на тужениот можеби не се нанесува некоја голема материјална штета (според наши сознанија тужениот SZD Elektrolux ДП и Електролукс ДООЕЛ  продава производи кои се идентични на нашите ), но има  и нематеријалната штета која му се нанесува на тужителот во форма на нарушен углед е ненадоместлива.

Замислете просечен потрошувач да воспостави контакт со тужениот во врска со сервисни услуги за одреден апарат за домаќинство.  Просечниот потрошувач, мислејќи дека ќе добие услуга од светски реномираната фирма AB Electrolux или овластен сервисер, ќе биде измамен и ќе помисли дека тужениот е на некој начин овластен за да пружи сервисни услуги. Наместо услуга од AB Electrolux или од него овластен сервис, како прикажан на сликата подолу:



просечниот потрошувач ќе биде измамен да го сервисира апаратот кај тужениот, во неговата локација која е прикажана подолу на сликата:




***Извадок од интернет страната:**
http://elektroluks.mk/index.php?option=com_contact&task=view&contact_id=1&Itemid=95
Ваквото нарушување на угледот и реномето на светски позната компанија која е присутна на пазарот уште од 1919 година и продава повеќе од 40 милиони производи на потрошувачите во повеќе од 150 земји, е **ненадоместливо,**

Ваквото обезбедување на побарувањето со издавање на привремена мерка, го бараме и поради фактот што тужениот е познат по тоа што често ги префрла домен имињата од една на друга фирма, повторно во негова сопственост или контролирани од него. Па така наведените домен имиња во изминатите години повеќе пати го сменија својот регистрант. Од вештачењето со број 47-03/2012, изготвено 12.07.2012 година, на страна 8, се гледа дека регистрант на речиси сите домен имиња е Занаетчија ЕЛЕКТРОЛУКС Димче Петко Палензо Електролукс Битола (СЗД Електролукс - Палензо Димче Битола). Додека од вештачењето со број 008/2014, изготвено декември 2014 година, на страна 6 се гледа дека голем дел од нив имаат различен регистрант, за повторно во 2015 година регистрант на голем дел од нив да се јави сега туженот Електролукс ДООЕЛ Скопје.
Ваквата честа промена на регистрантот кај спорните домен имиња јасно укажува на постоење на голема веројатност регистрантите да бидат променети во текот на судската постапка, со што нашето побарување значително ќе се отежне.

## ДОКАЗ:

• Увид во вештачење број 47-03/2012 од 12.07.2012 година;
• Увид во вештачење број 008/2014 од декември 2014 година;
• Увид во регистрите на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРНЕТ);

Согласно член 313, став 1 од Законот за индустриска сопственост, "Лицето кое може да поднесе тужба за повреда на неговите права утврдени со овој закон, доколку достави докази со кои ќе стори веројатно дека неговото право е повредено или ќе биде повредено, судот на негов предлог може да определи привремени мерки заради обезбедување на неговите барања, и тоа:
А.да се забранат сите дејствија на повреда и нивно продолжување,
В.(Н) да се запленат, исклучат од промет и сочуваат примероци, средства, опрема и документи во врска со нив,
В. (Ш) и да се донесат други слични мерки." Согласно став 4 од истиот член Привремената мерка од ставот 1 на овој член може да се изрече и без известување на можниот сторител на повредата ако предлагачот стори веројатно дека друга привремена мерка нема да даде ефект или постои опасност од настанување на ненадоместлива штета."

Од сето наведено погоре, неоспорно произлегува дека правото на трговска на тужителот е повредено. Исто така издавањето на било каква друга привремена мерка, освен привремено деактивирање на домен имињата и забрана за располагање со истите, ќе причини ненадоместлива штета за тужителот. Поради тоа, врз основа на член 313, став 1 и став 4 од Законот за индустриска сопственост, му *предлагам на* насловниот суд, без да го извести тужениот, *да го донесе следното:*

### РЕШЕНИЕ за привремена мерка

*1.* СЕ УСВОЈУВА *предлогот за издавање на привремена мерка на тужителот во целост.*
*2.* СЕ ЗАБРАНУВА *користење и располагање со домен имињата:*
*1.* www.elektroluks.com.mk ,
*2.* www.electrolux.com.mk ,
*3.* www.electroluxpalenzo.mk ,
*4.* www.electroluxappliances.com.mk ,
*5.* www.electroluxprofessional.com.mk ,
*6.* www.elektroluksmakedonija.com.mk ,
*7.* www.electrolux.mk ,
*8.* www.elektroluks.mk ,
*9.* www.electroluxservice.com.mk ,
*10.* www.electroluxheatingelements.com.mk ,
*11.* www.akademijaelectrolux.com.mk ,
*12.* www.electroluxdesignlab.mk ;

*3.* СЕ НАЛОЖУВА Македонската академска истражувачка мрежа (МАРНЕТ*) да изврши привремена деактивација на домен имињата, односно привремено да ги избрише именските опслужувачи од авторитативните сервери за .МК зоната за следните домени:*

*1.* www.elektroluks.com.mk ,
2. www.electrolux.com.mk ,
*3.* www.electroluxdesignlab.mk ,
*4.* www.electroluxpalenzo.mk ,
*5.* www.electroluxappliances.com.mk ,
*6.* www.electroluxprofessional.com.mk ,
*7.* www.elektroluksmakedonija.com.mk ,
*8.* www.electrolux.mk ,
*9.* www.elektroluks.mk ,
*10.* www.electroluxservice.com.mk ,
*11.* www.electroluxheatingelements.com.mk ,
*12.* www.akademijaelectrolux.com.mk ;

*4. Оваа привремена мерка да трае до истекот на 15 дена по правосилно завршување на спорот.*

*5. Трошоците за привремената мерка да се сметаат како процесни трошоци на спорот.*